СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Уторак, 16 октомври 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 79 ГОД. I

Цената на овој број е 6.— дин. — Претплата за второто полугодиште 1945 год. дин. 350.— Редакцијата: Бранкова бр. 20. — Телефон 28-838

**740.**

### УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНУЕЊЕ ЧЛЕНОТ 7 НА УРЕДБАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ ПРИНАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ОД ГРАЃЈАНСКИОТ РЕД И ОСТАНАЛИТЕ ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ НА СОЈУЗНИТЕ МИНИСТЕРСТВА И ИНСТИТУЦИИ

Член 1

Членот 7 се мењава и гласи:

Принадлежностите наведени во членот 2—4 на оваа Уредба ке се исплатујат на службениците во местата који спаѓјат во првиот разред на скапотијата, а на службениците во останалите места смалени за 10%.

Разврстуењето на местата по разредите на скапотија ке изврши сојузното Министерство за финансии во споразум со сојузното Министерство за социјална политика по предлозите на земските влади. Овие предлози земските влади ке ги изработат по сослушуење мнениа на земските одбори на Единствените синдикати на работниците и намештениците на основание индексот на трошковите на животот во поедини места, који ке им ги достават земските статистички уреди. Сите месни власти се должни да спроведат нормирање на цените на животните намирници на своето подручје, на основанне на кои земските статистички уреди ке состават индекс на трошковите на животот.

Член 2

Оваа Уредба влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

15 октомври 1945 година
Београд

Претседател на Министерскиот совет
и Министер за народна одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

Министер за финансии,
**Сретен Жујовић**, с. р.

Министер за социјална политика,
др. **Антон Кржишник**, с. р.

**741.**

### УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНУЕЊЕ ЧЛЕНОТ 2, 5, 8, 11 и 17 НА УРЕДБАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НАДНИЦИ И ПЛАТИ НА РАБОТНИЦИТЕ И НАМЕШТЕНИЦИТЕ ВО ДРЖАВНО-СТОПАНСКИ И ЧАСТНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЧАСТНИ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Првиот став на членот 2 се промениуе и гласи:

За работници преку 18 години старост се одредуат следните саатни надници:

| | | |
|---|---|---|
| а) неквалификовани — — — | Динари | 9—11 |
| б) полуквалификовани (приучени) и стручни помошници — | „ | 11—12.50 |
| в) квалификовани — — — — | „ | 12.50—16 |
| г) работоводачи, предработници и нарочито квалификовани — — — — — — — — — — | „ | 16—19 |

Член 2

Членот 5 се промениуе и гласи:

За чираци во занаетски работилници и индустриски претпријатија се одредуат следните саатни надници:

| | | |
|---|---|---|
| а) до 6 месеци обука — — — — — | Динари | 2.50 |
| б) од 6 до 18 месеци обука — — — | „ | 3.50 |
| в) од 18 до 30 месеци обука — — | „ | 5.— |
| г) преку 30 месеци обука — — — | „ | 6.50 |

Член 3

Вториот став на членот 8 се брише.

Член 4

Членот 11 се промениуе и гласи:

Ученици-чираци во трговски дукјани, задружни организации и претпријатија, исклучително во занаетски работилници и индустриски претпријатија ке примат следните месечни плати:

| | | |
|---|---|---|
| а) до 6 месеци обука — — — — | Динари | 500.— |
| б) од 6 до 18 месеци обука — — | „ | 700.— |
| в) од 19 до 30 месеци обука — — | „ | 1000.— |
| г) преку 30 месеци обука — — — | „ | 1300.— |

Член 5

Членот 17 се промениуе и гласи:

Надниците и платите наведени во членовите 2, 5, 8 и 11 ке се исплатуат на работници, намештеници и ученици-чираци во местата кои спаѓјат во првиот разред на скапотијата, а во останалите места смалени за 10%.

Разврстуењето местата по разреди на скапотија ке го изврши сојузното Министерство за социјална политика во споразум со сојузното Министерство за

финансии по предлози на земските влади. Овие предлози земските влади ке ги изработат по сослушуењето мненијата на земските одбори на Единствените синдикати на работници и намештеници на основание индексот на трошковите на животот во поедини места кои ке им ги достават земските статистички уреди. Сите месни власти должни се да спроведат нормирање цени на животните намирници на својето подручје, на основание од кои земските статистички уреди ке состават индекс на трошковите на животот.

Член 6

Оваа Уредба стапуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

15 октомври 1945 година
Београд

Претседател на Министерскиот совет
и Министер за народна одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

Министер за финансии,
**Сретен Жујовић**, с. р.

Министер за социјална политика,
др. **Антон Кржишник**, с. р.

## 742.

На основание членот 90 Законот за избор народните посланици за Уставотворна скупштина (Сојузна скупштина и Скупштина на народите) издавам

### ЗАДОЛЖНО НАПАТСТВИЕ БР. 3

### ЗА ПРИМЕНУЕЊЕ ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НАРОДНИТЕ ПОСЛАНИЦИ ЗА УСТАВОТВОРНА СКУПШТИНА

Преставителите на кандидатските листи и нивните заменици (чл. 43 Законот за избор народни посланици) имаат право да гласат на бирачкото место на кое на денот на изборот обавујат должност ако поднесат уверење да се уведени во постојан бирачки список на своето место. Това уверење ке се приклучи со записникот на работата на бирачкиот одбор.

Бр. 860
13 октомври 1945 година
Београд

Потпретседател на Министерскиот совет
и Министер за конституанта
**Едвард Кардељ**, с. р.

## 743.

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНУЕЊЕ СТРУЧНИ СОВЕТИ ПРИ ОДЕЛЕЊЕ ЗА КУЛТУРА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРОСВЕТА НА СОЈУЗНАТА ВЛАДА

За да работата на Министерството за просвета на сојузната влада на организација културно-научниот и уметничкиот живот што повише одговори на потребите на федералните единици

одлучујам:

1) При Оделението за култура на Министерството за просвета на сојузната влада да се оснуат како советодавни органи овие стручни совети:

а) Културно-научни совет,
б) Совет за ликовна уметност,
в) Музички совет,
г) Позоришни совет.

2) Советите ке расправат и ке дават сугестии по сите стручни прашања кои се од општо значение.

3) Во состав на секој од наведените совети влегуjат како членови: начелник на Оделењето за култура на Министерството за просвета на сојузната влада и соодветни стручни референти, по еден делегиран стручњак од секоја федерална единица и други стручњаци кои, според потребата, ке ги именуе Министерот за просвета на сојузната влада.

4) Советите според потребата ги свикуе со својата одлука Министерот за просвета на сојузната влада.

Бр. 5072
10 октомври 1945 година
Београд

Министер за просвета
**Влад. Рибникар**, с. р.

## 744.

### РЕШЕНИЕ

### ДА КРЕДИТИ ПО РЕШЕНИЕТО VII бр. 7370 МОЖАТ ДА ГИ ДАВАТ ПОКРАЈ ИНДУСТРИСКАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА И ОСТАНАЛИТЕ ПАРИЧНИ ИНСТИТУЦИИ

По укажаната потреба а заради правилно постапување кај набавката кредитот по Решението на Министерството за финансии бр. 7370 од 29 септември 1945 година

решавам:

Кредити по Решението VII бр. 7370 од 29 септември 1945 година можат да ги дават покрај Индустриската банка на Југославија и сите останалите парични институции, со условите наведени во споменатото Решение, сотова, да потврдите ги испракјат на инкасо на Индустриската банка на Југославија.

VII бр. 7612
5 октомври 1945 година
Београд

Министер за финансии,
**Ср. Жујовић**, с. р.

## 745.

Во цел на сузбијање нездрава нелојална конкуренција и да би се нормализирале приликите во секторот на осигуруење воопште, а во врска на Толкувањето § 20 ст. 2 Уредбата за надзор над осигурителните претпријатија (Решение на бившето Министерство за трговија и индустрија II бр. 46619/К од 10 декември 1938 година), доносуам

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНУЕЊЕ НА СИТЕ ОСИГУРАТЕЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ДА ДАВАТ ПОПУСТ

Се забрануе на сите осигурателни претпријатија давање попуст било во кој поглед од одобрените премиски тарифи кои во сите гранки на осигуруење било во сила на 6 април 1941 година.

За секое прекршуење на оваа забрана најстрого ке се казни како за прекршуење по прописите на Уредбата за надзор над осигурателните претпријатија.

Државното заведение за осигурување и реосигурување кај примање уделите во реосигурување ке ги признава само спомнатите тарифи, па и обрачунот ке го врши на основание премијите по тие тарифи.

VII бр. 7485
2 октомври 1945 година
Београд

Министер за финансии,
**Сретен Жујовић**, с. р.

## 746.

Пензионерите од Трст и Словеначко приморје кои до војната како југословенски државјани примале пензијски принадлежности од Југославија сега не примат никакви принадлежности, оти пензиите онакви какви се пред војната определени не се исплатуат туку по Одлуката за ревизија правото на пензија, народното признање, сталната државна помокј и издржување и за времената парична помокј на овие лица од 19 декември 1944 се исплатуат помокји кои ги определуат комисиите при околиски народни одбори според местото на постојаното боравење на пензионерите.

Како за овакви пензионери кои живеат ван границите на Југославија нема надлежен одбор кој таа помокј би ја определил, а да не би се оставиле без никакво примање од нашата држава, това во согласност со Претседателството на Министерскиот совет на Демократска Федеративна Југославија, а на основание чл. 8 на спомнатата Одлука се дава

### ОБЈАСНУЕЊЕ

### НА ОДЛУКАТА ЗА РЕВИЗИЈА ПРАВОТО НА ПЕНЗИЈА ИТН.

На пензионерите од Трст и Словеначко приморје, на кои како југословенски државјани до војната е исплатуена пензија по одобрување од § 157 Законот за чиновници, да се исплатуат нивните пензии во износ на исплатуените до април 1941 во колку тие износи не ја прејдуат сумата од 2.400.— динари, а во случаи каде пензиските принадлежности ја премашуат оваа сума да се исплатуе максимален износ од 2.400.— ДФЈ динари, оти и за пензионерите во земјата оваа е максимален износ кој сега можат да го примат. Пензиите можат да се исплатуат само на оние пензионери кои пријателски се држале спроти Народноослободителниот покрет, што ке провери и установи Војната управа.

II бр. 24864
10 октомври 1945 година
Београд

Министер за финансии,
**Ср. Жујовић, с. р.**

Министер за социјална политика,
**др. А. Кржишник, с. р.**

## 747.

На предлог на сојузното Министерство за трговија и снабдуење, Стопанскиот совет донесуе

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУЕЊЕ ЦЕНИ НА ПРЕСНИТЕ КОКОНИ НА СВИЛЕНАТА БУБА

Член 1

Се определуат следните цени за откуп на пресните кокони на свилената буба:

1) за I сорта, кокони чврсти, здрави, тврди и без никакви мани

во Македонија — — — — Дин. 65.— за 1 кг.
во Војводина и Србија — „ 58.— „ 1 „

2) за II сорта, кокони чисти и малце повредени

во Македонија — — — — Дин. 48.— за 1 кг.
во Војводина и Србија — „ 43.— „ 1 „

3) за III сорта, кокони бербатни, влажни, слаби, прогризени и двојаки

во Македонија — — — — Дин. 24.— за 1 кг.
во Војводина и Србија — „ 21.— „ 1 „

Горните цени важат франко складиштето на откупната станица.

Член 2

Цените за сушени коконите на свилената буба дополнително ке определи сојузното Министерство за трговија и снабдуење по сослушање мнението на сојузното Министерство за пољоделие, а на основание трошковите на сушењето.

Член 3

Овоа Решение влегуе во сила со денот на обнародуење во „Службениот лист".

Бр. 1290
9 октомври 1945 година
Београд

Претседател на Стопанскиот совет,
**А. Хебранг,** с. р.

Министер за трговија и снабдуење,
инж. **Никола Петровић,** с. р.

## 748.

Министерство за трговија и снабдуење на сојузната влада — Управа за цени — по прашањето за одредуење цени на животинските влакна донесуе

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ОТПУПНИ ЦЕНИ НА ЖИВОТИНСКИТЕ ВЛАКНА

Член 1

Се определуат следните цени за откуп на животинските влакна:

I 1) **Коњски полуопашки,** несортирани, неочистени, суви, без коски, поврзани во снопчиња.

Кај фабриките и работилниците на кожи и кај другите кожарски центри Дин. 40—50 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица за стока пакуена во врекји на купујачот нето тежина.

2) **Коњски полуопашки,** несортирани, неочистени, суви, поврзани во снопчиња.

На изворите кај одгајивачите на коњи Дин. 30—40 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко собирно место, без пресуење или набијање во врекји нето тежина.

II **Коњски цели опашки,** несортирани, неоштетени поврзани во снопчиња, суви без коски.

Кај фабриките и работилниците на кожи и кај другите кожарски центри Дин. 60—90 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат утоварна станица, за стока пакуена во врекји на купојачот во нето тежина.

III 1) **Коњски гриви,** несортирани, неочистени, суви.

Кај фабриките и работилниците на кожи и другите кожарски центри Дин. 25—30 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица, за стока пакуена во врекји на купујачот во нето тежина.

2) **Коњски гриви,** несортирани, неочистени, суви.

На изворите кај одгаивачите на коњи Дин. 20—50 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко собирно место без пресуење или набијање во врекји во нето тежина.

IV 1) **Говедски опашки,** непрани, на кусо сечени коски-жили (од 8—12 см.) несортирани, суви (со сува жила).

Кај творниците и работилниците на кожи и другите кожарски центри Дин. 15—25 по кг. според квалитетот и големината (должина) на опашките.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица, за стока пакуена во врекји на купујачот во нето тежина.

2) **Говедски опашки полупрани,** на кусо сечени коски-жили (од 8—12 см), несортирани, суви (со сува жила) Дин. 20—30 по кг. според квалитетот и големината (должиина) на опашките кај фабриките и работилниците на кожи и други кожарски центри.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица за стока пакуена во врекји на купујачот во нето тежина.

V 1) **Јунешки и телешки опашки непрани,** на кусо сечени коски-жили (8—12 см.) несортирани, суви (со сува жила).

Кај фабриките и работилниците на кожи и други кожарски центри Дин. 10—20 по кг. според квалитетот и големината (должина) на опашките.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица за стока пакуена во врекји на купујачот во нето тежина.

2) **Јунешки и телешки опашки полупрани,** на кусо сечени коски-жили (од 8—12 см.), несортирани, суви (со сува жила).

Кај фабриките и работилниците на кожи и други кожарски центри Дин. 15—25 по кг. според квалитетот и големината (должина) на опашките.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица, за стока пакуена во врекји на купујачот во нето тежина.

VI 1) **Козина-козји влакна стрижени,** несортирани и иепрани, суви.

На изворите кај одгајивачите на кози Дин. 12—22 по кг. според квалитетот и должината на влакната.

Овие цени се сметат франко собирно место, без пресуење и набијање во врекји во нето тежина.

2) **Козина-козји влакна искубани од кожа,** несортирани, непрани, суви.

Кај фабриците и работилниците со кожи и други кожарски центри Дин. 6—15 по кг. според квалитетот и должина на влакната.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица, пакујано во врекји на купујачот во нето тежина.

VII 1) **Свињски влакна** од шурени свињи, несортирани, непрани, суви, без папци и други отпатци.

Кај фабриките на сувомесната стока и кланици Дин. 4—6 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко вагон утоварна станица за стока пресуена во бали или набиена во врекји на купујачот во тежина бруто за нето.

2) **Свињски влакна,** од шурени свињи, несортирани, иепрани, суви, без папци и други отпатци.

На изворите кај одгајивачите на свињи Дин. 3—4 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко собирно место без пресуење и набијање во врекји во нето тежина.

3) **Свињски влакна** герберици (ледарци), искубани од кожа, несортирани, иепрани, без папци и други отпатци.

Кај фабриките и работилниците на кожи Дин. 4—6 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко вагон утоварна станица, за стока пресуена во бали или набиена во врекји на купујачот во тежина бруто за нето.

VIII **Свињска чекиња,** несортирана, непрана, сува, поврзана во снопчиња.

Кај фабриките на сувомесната стока и кланици Дин. 80—120 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица, за стока пакуена во врекји на купујачот во нето тежина.

Куповните цени за босанска чекиња е поскапа за 25%, србијанска чекиња со 25% поевтина од одредените цени, додека цените за словеначките гербериици се за 50% поевтини од србијанската чекиња.

IX **Говедски и коњски куси влакна,** искубани од кожа, неочистени и непрани, суви.

Кај фабриките и работилниците на кожи Дин. 2.50 по 1 кг.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица, за стока пресуена во бали во тежина бруто за нето.

X **Отпатци на волна од волновлачарите**

1) Крупни тресени I врста Дин. 12—20 по кг. според должината и квалитет.

2) ситни тресени II врста Дин. 6—12 по кг. според квалитетот.

3) ситни нетресени III врста Дин. 2—4 по кг. според квалитетот.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица за стока пресуена во бали во тежина бруто за нето.

XI **Отпатци на влакна од крзна-крзнена фурда** (без кожици) Дин. 3.50—6 по кг. според должината.

Овие цени се сметајат франко утоварна станица за стока пресуена во бали во тежина бруто за нето.

Член 2

Овоа Решение влегуе во сила со денот на обнародуење во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

Бр. 8073/656
1 октомври 1945 година
Београд

Министер за трговија и снабдуењс,
инж. **Никола Петровић,** с. р.

---

## 749.

На основание чл. 1 Уредбата за регулирање цени Министерство за трговија и снабдуење — Управа за цени — донесуе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУЕЊЕ ЦЕНИ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА

Се одобруе на претпријатијата на црната металургија, да можат до понатака да продават доле наведените произведенија по следните одобрени цени.

**Произведенија на високите пекји, цена за 100 кг.**

| | Динари |
|---|---|
| 1) Бело сурово железо — — — — — — | 430.— |
| 2) Сиво сурово железо до 2% силиција — | 500.— |
| 3) Сиво сурово железо од 2—3% силиција | 520.— |
| 4) Сиво сурово железо преку 3% силиција | 540.— |

**Производенија на ваљаоница, цена за 100 кг.**

| | | |
|---|---|---|
| 1) | Профил груба пруга | 960.— |
| 2) | „Г" челик, квал. платина и шини | 1.060.— |
| 3) | Средњи и танки профили | 1.000.— |
| 4) | Лимови, димензија-дебељина | |
| | 0,30—0,33 мм | 1.556.— |
| | 0,34—0.36 мм | 1.463.— |
| | 0 37—0,39 мм | 1.393.— |
| | 0,40—0,45 мм | 1.346.— |
| | 0,46—0,49 мм | 1.322.— |
| | 0,50—0,54 мм | 1.287.— |
| | 0,55—0,59 мм | 1.280.— |
| | 0,60—0,74 мм | 1.264.— |
| | 0,75—0,99 мм | 1.250.— |
| | 1 —1,49 мм | 1.220.— |
| | 1,50—2 мм | 1.200.— |
| | 2,01—2,99 мм | 1.180.— |
| | 3,01—3,49 мм | 1.160.— |
| | 3,50—3,99 мм | 1.140.— |
| | 4 —4,99 мм | 1.120.— |
| | 5 — груби лимови | 1.100.— |
| 5) | Ваљана жица | 1.000.— |
| 6) | Светла жица | 1.100.— |
| 7) | Поцинкујана жица | 1.360.— |
| 8) | Поцинкујана бодликава жица | 1.667.— |
| 9) | Жарена бодликава жица | 1.542.— |
| 10) | Клинци | 1.150.— |
| 11) | Поцинкујани лим, димензија-дебељина | |
| | 0,50—0.54 мм | 1.521.— |
| | 0.55—0,59 мм | 1.498.— |
| | 0,60—0,64 мм | 1.481.— |
| | 0.65—0.69 мм | 1.470.— |
| | 0.70—0,74 мм | 1.458.— |
| | 0,75—0.99 мм | 1.439.— |
| | 1 —1,24 мм | 1.434.— |
| | 1,25—1,49 мм | 1.411.— |
| | 1.50—1.99 мм | 1.390.— |
| | 2 —2.50 мм | 1.334.— |
| 12) | Хладно ваљано тракасто железо | 1.450.— |
| 13) | Цеви на плинска црна, цена по должни метар | |
| | 1/8" | 21,30 |
| | ¼" | 16,40 |
| | 3/8" | 15,85 |
| | ½" | 17,95 |
| | ¾" | 22,75 |
| | 1" | 34,05 |
| | 1¼" | 41,10 |
| | 1 ½" | 51,20 |
| | 2" | 71,50 |
| | 2 ¼ | 83.45 |
| | 2 ½" | 93.35 |
| | 3" | 127,— |
| 14) | Цеви плински поцинкујани, цена по должни метар | |
| | 1/8" | — |
| | ¼" | 27,65 |
| | 3/8" | 19,75 |
| | ½" | 22,60 |
| | ¾" | 30,40 |
| | 1" | 42,10 |
| | 1 ¼" | 53,05 |
| | 1 ½" | 64,75 |
| | 2" | 89,30 |
| | 2 ¼" | 103,20 |
| | 2 ½" | 120,25 |
| | 3" | 164,30 |

ЗАБЕЛЕШКА: Под 1) Под профилот на груба пруга се подразумуат железо округло од ∅ 80 мм., квадратно од 80 мм. сплескано од ширина 200 мм., угално од 100×100 мм. У, И НП. — носачи од бр. 18, све на горе, трговски квалитет.

Под 2) Под „Г" челик и квалитетни платини се подразумујат „Г" челик, платина на квалитет инаков од трговскиот, и нормални шини на тип IVa, Ха, „С" 45а со прибор.

Под 3) Под средни и танки профили се подразумујат бетонско, шипкасто, фазонско и обрачно железо, У И НП. — носачи од бр. 8—16 како и рудокопни шини со прибор.

Под 10) Под клинци се подразумујат сите врсти клинци кои се содржани во тарифата на надоплатките за жица и клинци од 1 јануари 1938 година.

Горните цени на произведенијата на ваљалниците се основни цени на кои се додават следните надоплатки:

Под 1) Тарифата на надоплатките, за шипкасто, фазонско железо на мали профили и обрачно железо, издање 1934 године, се новисуе со 2,5 пати. На посебни квалитети на овој материал како и на фиксни должини ке се применујат исти тарифни додатци, повисени со 2,5 пати.

Под 2) Цената на овој материјал се подразумуе како полна цена. За превзимање ке се наплати додаток според тарифата наведена под 1). За колосечен прибор ке се применуе релација според основната цена востановена од стране на Генералната дирекција на државните железници кои биле во сила на 1 август 1939 година.

Под 3) Додатците се сметајат како под 1).

Под 4) Додатците се сметајат според додатците који биле во сила на 1 август 1939 година повисени со 2,5 пати.

Под 5) Додатците се сметајат како под 1)

Под 6)—10) Додатците се сметајат според тарифата на надоплатките за жица и клинци, издање од 1 јануари 1938 година повисени со 2,5 пати.

Под 11) Исто како под 4).

Под 12) Додатците се сметат според додатците који биле во сила на 1 август 1939 година, повисени со 2,5 пати.

Под 13—14) Цените на плинските црни и плинските поцинкуени цеви по должниот метар се подразумујат како полни цени. Додатокот ке се засмета само на фиксните должини и изработени по нарацба, и това: за должини испод 2.000 мм. 10%, а преку 2.000 мм. 5%.

Горе наведените цени се подразумујат франко вагон железничката станица на производителот, без скупниот денок и останалите јавни давачки и без допринос за Главната братинска благајна.

Овоа Решение влегуе во сила на 1 октомври 1945 година.

Бр. 9650
9 октомври 1945 година
Београд

Министер за трговија и снабдување,
инж. **Н. Петровић**, с. р.

## 750.

Во членот 30 на Законот за аграрна реформа и колонизација дадено е овластуење на сојузниот Министер за пољоделие да во споразум со сојузниот Министер за колонизација и земските министри за пољоделие издвојит од Земјишни фонд за аграрна реформа и колонизација земјишни површини во смисал членот 11 на Законот за социјални и научни институции, како и терени за војни потреби. Исто така во членот 27 на Законот е предвидено, да се на нарочно одредени земјишта можат од Земјишниот фонд да се доделујат одредени парцели и на парцелите изделени комплекси обработена земја на бавчаванџиско исползување на групи неземљоделци, работници, намештеници на разни претпријатија, институции и надлештва стова, да со земските закони ке се пропишат услови под кои овакво земјиште ке ее дава на исползување и да една фамилија не може да добие повише од 2 ара (200 кв. м.) земја.

Во течение на досегашна работа по Законот за аграрна реформа и колонизација сум востановил, да

се разни социјални и хумани институции како и војни власти обрнујат кон Министерството за пољоделие на сојузната влада со својте молби и сакања за доделуење пољоделско земјиште на исползување. Во таја прилика сум утврдил, да се нивните сакања односат на земјиште во разни краишта на земјата и да за решуење такви сакања нема важни факти неопходно потребни за правилно решавање, а нивното присобирање сака многу време и ствара излишна преписка, која иде на терет на другите работи. Според това ке биде во интерес на побрза и поправилна работа да по овакви молби доносуе Решениа оноа земско Министерство за пољоделие на чија територија се навогја посаканото земјиште и кое при решавањето најарно може да процени потребите на институциите, који сакат земја.

На основание на предното и членот 30 на Законот за аграрна реформа и колонизација а во споразум со сојузниот Министер за колонизација и во согласност со Аграрниот совет доносујам

## РЕШЕНИЕ

### ДА ЗЕМСКИТЕ МИНИСТЕРСТВА ЗА ПОЉОДЕЛИЕ ДОНОСУЈАТ РЕШЕНИЈА ЗА ДОДЕЛУЕЊЕ ЗЕМЈА НА РАЗНИ НАДЛЕШТВА И ИНСТИТУЦИИ НА ПОЛЗУЕЊЕ И ОБРАБОТУЕЊЕ

Земските министерства за пољоделие ке доносат решениа:

1) За издвојуење од Земјишниот фонд за аграрна реформа и колонизација потребни површини пољоделско земјиште и доделуење истото на научните институции, во колку научните институции не спагјат во област на пољоделска струка, потова на културните, хуманите, просветните, синдикалните и другите институции на социјален карактер како и потребно земјиште за војни бавчи.

2) Решениата во смисал членот 27 на Законот за аграрна реформа и колонизација за доделуење земја згодна за бавчаванџиско исползување на групи неземљоделци, работници и намештеници на разни претпријатија, институции и надлештва.

Заради извршуење предното земските министерства за пољоделие за подмирење предните потреби веднага ке резервисат потребно земјиште згодно за бавчаванџиски сејанија во близина на градовите и поголемите населени места како и земјишта згодни за лечилишта, купалишта, санаторијуми, опоравилишта и на това слично. При резервисањето површините земските министерства за пољоделие ке водат нарочно сметка, да се резервира што помалку земјиште во овој цел, да би останало што повише земја за подмируење земљоделците, који немаат земја или ја немаат во доволна површина.

Од тој разлог земските министерства за пољоделие се должни да направат список на имањата со ознака каде се навогјат имањата и колкава е нивнита површина која ја резервират за потребите од членот 11 и 27 на Законот за аграрна реформа и колонизација. Тие списоци требе да ги достават на Министерство за пољоделие на претходна согласност, пак после добиената согласност можат да пристапат на доделуење на поедини институции и склопуење договори.

Доделеното земјиште нема да се дава на предните институции во својина ами ке се уступуе само на исползување, а земјата и понатака ке остане во сопственост на државата, кое во решениата, за уступање на ползување има нарочно да се нагласи. Во тие решенија има да се одреди рок, за кое време земјиштето се уступуе сотова да се во поглед на условите има да склопи договор помегју земската единица и институцијата, на која земјиштето се уступуе на исползување, во кое институцијата има да се задолжи како во поглед на времето за траење договорот и висината на закупната цена така исто и во поглед на извршуење останалите услови, који земската единица ке ги пропише со својот правилник.

Земските министерства за пољоделие ке пропишат правилници, во који ке ги регулират све што е потребно за уступуење земјата на исползување на предните институции. Во тие правилници мора нарочно да биде обватено следното:

1) да на уступено земјиште остануе и понатака правото на сопственост на државата;

2) да уступуењето трае онолку време колку со договорат ке се одреди;

3) да институцијата, на која земјиштето е уступено е должна да на време плакја закупнина во износ предвиден во договорот. Висината на закупнината требе да износуе онолку колку износуе данокот, водоплавните доприноси на водните задруги и други јавни давачки, кои го теретат уступеното земјиште, а пагјааат на терет на државата како на сопственик;

4) да институцијата, која земјата ја примила, мора истата рационално да ја обработуе и секоја четврта година добро нагјубруе;

5) да земјиштето не смее да се дава на друг во пазакуп или на обработуење од дел;

6) да во случај истечуење на договорот или неговото раскинуење сите згради и останали инвестициони објекти подигнати на тако земјиште останујат како сопственост на државата со правична оштета пресметана на база за инвестиционите трошкови, состојанието на објектите и нивната употребивост на денот на превзимањето од страна земското министерство за пољоделие по одбиткот на амортизацијата.

Во случај да некоја од институциите некје да се придржуе на одредбите од правилникот и договорените услови требе во правилниците да се предвиди одредба да земските Министерства за пољоделие можат договорот по истекот на економската година да го раскинат и земјата да ја земат.

За земјиштата, који се уступени на предните институции на исползување, земските министерства за пољоделие ке водат евиденции од кои требе да се види, колкава е површината на уступената земја, каде се навогја, кому е уступена, за кое време и висина на закупнината.

За овоа Решение да се известат сите земски Министерства за пољоделие и Главниот народен одбор на Војводина сотова, да на истото во сето се придржуат.

Ком. бр. 8929
9 октомври 1945 година
Београд

Министер за пољоделие,
др. **В. Чубриловић**, с. р.

## 751.

На основание чл. 2 Законот за заступуење надлештвата, институциите, претпријатијата и организациите на јавен карактер, а на повикуење на Министерството за правосудие на сојузната влада бр. 549/45 пропишујам

## НАПАТСТВИЕ

### ЗА НАЧИН НА ЗАСТУПУЕЊЕТО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА РУДАРСТВО НА СОЈУЗНАТА ВЛАДА И ПОДРУЧНИТЕ НАДЛЕШТВА, ИНСТИТУЦИИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА ПРЕД СУДЕВИТЕ И ДРУГИТЕ НАРОДНИ ВЛАСТИ, А ВО ПОГЛЕД НА ЗАШТИТА НИВНИТЕ ИМОВИНСКО-ПРАВНИ ИНТЕРЕСИ

1) Министерството за рударство на сојузната влада во поглед на заштита на неговите имовинско-правни интереси ке го заступуе пред судевите и другите народни власти шефот на Правниот отсек на Министерството за рударство или неговиот за-

меник, а на основание издаденото полномокје потпишено од страна на Министерот или неговиот помокјник, за секој конкретан случај посебно или во опште.

2) Надлештвата, институциите и претпријатијата, над кои Министерството за рударство постоји како непосредна надзорна власт ке ги заступуjат пред судевите и другите народни власти лица, који стоjат на чело на тие надлештва, установи и претпријатија, или лица кои они одредат, во колку Министерството не најде за потребно, това право да го задржи за себе со обзир на важноста на самиот случај. Во таа цел надлештво, институцијата и претпријатието благовремено ке го извести Министерството за рударство, а истовремено ке му испрати самиот односни спис како Министерството би могло истото да го разгледа, со него да се запознае, важноста на самиот случај процени, па потова и одлука за прашањето на заступништвото да донесе.

Бр. 5841
17 септември 1945 година
Београд

Министер за рударство,
**Бане Андреjев, с. р.**

# ОДЛИКОВАНИЯ

## ПРЕТСЕДНИШТВО
### на Антифашисткото векје на народното ослободуење на Југославија

На предлог на Врховниот командант на Југословенската армија, Маршал на Југославија Јосип Броз-Тито

решуе

да се за умешност во командовањето, специјални подвизи, покажана храброст и нарочити заслуги за народ одликујат

СО ОРДЕНОТ ПАРТИЗАНСКА ЗВЕЗДА I РЕД:

полковник Дакић Радоје.

СО ОРДЕНОТ БРАТСТВО И ЕДИНСТВО I РЕД:

III Корпус Ј. А.,
III санџачка бригада;
капетан Диздаревић Нијаз.

СО ОРДЕНОТ ПАРТИЗАНСКА ЗВЕЗДА II РЕД:

полковник Танасковић В. Рајко;

потполковниците: Абрамовић К. Милан, Башић Ђоке Раде, Петровић Драгослав и Соровић Ђ. Данило;

мајорите: Грбић И. Саво, Жардин И. Звонко, Касаповић Перо, Колумџија Н. Мићо, Обрадовић Млађо, Обрадовић И. Милан, Радојичић И. Саво, Самуел Камхи, Трикић Н. Марко и Ћејвал Идриа;

пом. политком. на Оп. група на бригадата Вуковић П. Душан;

зам. на командант на дивизијата Самарџија Стево;

шеф Персонал. отсек на корпусот Тадић Н. Симо;

капетаните:: Вуковић С. Жарко и Клашња Н. Стеван.

СО ОРДЕНОТ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД II РЕД:

мајор Лаковић П. Милија.

СО ОРДЕНОТ БРАТСТВО И ЕДИНСТВО II РЕД:

1. секретар на Окр. НОФ Митрић Радомир.

СО ОРДЕНОТ ПАРТИЗАНСКА ЗВЕЗДА III РЕД:

потполковниците: Милутиновић А. Раде и Морача Перо;

мајори: Агбаба Дане, Бркић Д. Раде, Дапчевић Ј. Милутин, Ђерковић М. Јован, Калинић Милан, Кецман В. Боро, Ковачевић С. Стево, Латиновић Гојко, Мајер А. Крешимир, Марјановић В. Јован, Миљевић М. Миланчић, Митров Л. Војин, Никић А. Милосав, Пајић С. Милић, Пекић С. Мирко, Перера Ј. Давид, Перовић Др. Даница, Перовић А. Војислав, Петровић И. Мато, Сарачевић Хајрудин, Ткундрић Михајло и Пралица Тривун;

командант бригаде Лаловић Момир;
командант бригаде Петровић Х. Славољуб;
политиком. арт. дивизиона Дрљача Бошко;
на служби при штабот V Корп. Истроцки Ђорђе;

капетаните: Балабан Ђ. Бранко, Башић М. Мирко, Батић Т. Раде, Бајић Ј. Влада, Вигњевић С. Бранко, Вукићевић М. Миливоје, Вучуровић К. Војо, Гачић Михаило, Галић Остоја, Ђаковић Д. Васан, Ђукић П. Спасе, Ђурашиновић И. Бошко, Ђуричић Ђуро, Зорић Т. Божо, Зрнић Ђ. Бранко, Инђић М. Милан, Јапунџа С. Никола, Ковачевић М. Милош, Лазаревић М. Витомир, Ленардић К. Душан, Лисица Мирко, Милиновић П. Ђуро, Милић Вукашин, Миљуш С. Милан, Миклавчић Милорад, Морача Ј. Никола, Обрадовић Ј. Душан, Орашчић П. Цвијо, Раосављевић Љубо, Радовановић Д. Милан, Симић В. Владо, Соломон Петар, Стојаковић Р. Бранко, Сушница Ђ. Лазар, Табаковић И. Шемсо, Тркуља Миле, Чересковић И. Саво, Ћургуз Драгутин и Шипка Вељко;

командант на баталјонот Марковић М. Бранко;
командант на баталјонот Перовић Б. Мироје;
помокјник на шефот на Персонал. отсек на корпусот Радошевић М. Лазо;

поручници: Бањац Момчило, Видас Р. Јосип, Вукашиновић Станко, Гавриловић Рајко, Додик Ј. Тривун, Зрнић Славко, Кубат Милан, Мадарић И. Илија, Милашин Драган, Милошевић Ђуро, Хамзић Хамза, Џондић Јусуф, Шарчевић Илија и Зец Љубомир;

на служба во Персонал. отсек на корпусот Чубрило С. Ђоко;

потпоручник Данић Жарко;

заставници: Аћимовић Ј. Мићо, Бикар Спасоје и Миленковић М. Драгољуб.

СО ОРДЕНОТ ЗА ХРАБРОСТ:

генерал-лајтант Поповић А. Коча;
генерал-мајор Вукановић Радован;
полковник Ломпар И. Блажо;
потполковник Петровић Драгослав;
мајор Ковачевић С. Стево;
капетан Тањига Бранко;
поручници: Бабић Петар, Богуновић Ј. Велимир, Бруђинић С. Бољко, Вуковић С. Душан, Глишић И. Милан, Давидовић Ђорђе, Дивјак Б. Момчило, Ђурић Милан, Зорић М. Богдан, Јандрић И. Миле, Касабашић Ј. Милош, Марковић Ђ Илија Марковић В. Ђуро, Мисирача В. Петар, Мићић Миломир и Тодић Деса;

на служба во Персонал. отсек на корпусот Чубрило С. Ђоко;

командири на четата: Бањанац Јован, Вујиновић Љубомир, Ђаковић Никола, Јованић Раде, Касаповић Душан, Кеврић Јусуф, Мијатовић В. Миле и Ћулум Драго;

политком. на четата Павићевић Анђа;

потпоручници: Божић Ц. Милош и Дошеновић Ј. Јанко, Зорић Јово, Кубуровић М. Дмитар, Лакић Ђ. Саво, Нађ Јурај, Недић М. Милинко и Стругар М. Видо;

зам. командир на четата: Бањац Душан, Вујиновић Миле и Драгојевић Лука;
заставник Вуковић Ц. Јован;
раковод. на омладината Кујовић Вука;
старши водник Узелац Ђ. Илија;
зам. водникот Сарајлић С. Дервиш;
борец Кокот Т. Мирко;
Булатовић Деса-Спасић;
поручник Раковић Ђ. Тома.

СО ОРДЕНОТ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД III РЕД:
мајор Ивановиќ С. Стеван,
капетан Вуковиќ М. Душан,
поручник Бојовиќ М. Милоња.

Бр. 253
26 јуни 1945 година
Београд

Секретар,
**М. Перуничиќ**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

# ДЕКРЕТИ

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПОШТА, ТЕЛЕГРАФ И ТЕЛЕФОН

Со Решение на Министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 10613 од 16 август 1945 година, а на основание чл. 4 Уредбата за поставуење и унапредуење на државни службеници на Демократска Федеративна Југославија и чл. 2 тач. 4 Уредбата за регулисуење принадлежности на службениците од граѓански ред и останалите јавни службеници на сојузните Министерства и установи, се поставуе за званичник трекја група во пошта, телеграф и телефон Рума, Дешиќ С. Миливоје, свршен ученик на 2 разред реална гимназија.

———

Со Решение на Министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 10639 од 16 август 1945 година, а на основание чл. 1 и 4 Уредбата за поставуење и унапредуење на државни службеници на Демократска Федеративна Југославија и чл. 2 Уредбата за регулисуење принадлежности на државни службеници од граѓански ред и останалите јавни службеници на сојузните Министерства и установи, се поставуе за чиновнички приправник по § 45/1 Ч. з. во пошта, телеграф и телефон Тузла, Кресо Хајрудин, свршен ученик на IV разред граѓански школа со завршениот испит, од Билеќе.

———

Со Решение на Помокјникот на министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 8071 од 13 јули 1945 година, а на основание на поднесена молба и Решението на Министерството за пошта, телеграф и телефон број 3925 од 18 април 1945 година, се уводи во должност при пошта, телеграф и телефон Валново, Главашиќ Ђ. Јованка, отпуштен чиновнички приправник по § 45/1 Ч. з.

———

Со Решение на Помокјникот на министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 8267 од 14 јули 1945 година, а на основание на поднесена молба и Решењето на Министерството за пошта, телеграф и телефон бр. 3925 од 18 април 1945 година, се уводи во должност при пошта, телеграф и телефон Ужице, Чарапиќ В. Миливоје, отпуштен помокјен чиновник IX група.

———

Со Решение на Помокјникот на министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 8208 од 14 јули 1945 година, а на основание Решењето на Министерството за пошта, телеграф и телефон број 3925 од 18 април 1945 година, се уводи во должност при Дирекцијата за пошта, телеграф и телефон во Београд, Дициќ С. Добривоје, виши контролор шеста група пошта, телеграф и телефон Крагујевац 1, који се повратил од заробјеништво.

Со Решение на Помокјникот на министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 8402 од 18 јули 1945 година, а на основание на поднесена молба и Решењето на Министерството за пошта, телеграф и телефон бр. 3925 од 18 април 1945 година, се уводи во должност при пошта, телеграф и телефон Босиљград, Никола Андонов Милованов, отпуштен манипулант IX група.

———

Со Решение на Помокјникот на министерот за пошта, телеграф и телефон бр. 8077 од 13 јули 1945 година, а на основание Решењето на Министерството за пошта, телеграф и телефон број 3925 од 18 април 1945 година, се преместуjат и се ставуат на расположење на Дирекцијата за пошта, телеграф и телефон во Љубљана заради понатамошен распоред: Облак А. Францишка, виши контролор шеста група, пошта, телеграф и телефон Шабац; Бурдиан Ј. Ема, прометник осма група Главен телефон во Београд и Цергол И. Иван, званичник прва група прва периодска повишица пошта, телеграф и телефон Бања Лука, — сите по молба.

## СОДРЖАНИЕ:

Страна
740. Уредба за изменуење членот 7 на Уредбата за регулисуење принадлежности на државни службеници од граѓански ред и останалите јавни службеници на сојузните министерства и установи — — — — — — 797
741. Уредба за изменуење чл. 2, 5, 8, 11 и 17 на Уредбата за регулисуење надници и плати на работниците и намештениците во државно-привредните и частните претпријатија, частните установи и организации — 797
742. Обвезателно напатствие бр. 3 за применуење Законот за избор на народните носланици за Уставотворна скупштина — 798
743. Решење за оснуење на стручни совети при Одељењето за култура на Министерството за просвета на сојузната влада — 798
744. Решење за кредити по Решењето VII бр. 7370 можат да дават поред Индустријската банка на Југославија и останалите парични установи — — — — — — — — — — 798
745. Решење за забрануење на сите осигурателни претпријатија да дават попуст — — 798
746. Објаснуење Решението за ревизија права на пензија итн. — — — — — — — — — 799
747. Решење за одредуење цени на сировите кокони на свилената буба — — — — — 799
748. Решење за одредуење откупни цени на животински влакна — — — — — — — — 799
749. Решење за одредуење цени на црната металургија — — — — — — — — — — — — 800
750. Решење да земските министерства за пољопривреда донесуат решења за доделуење земја на разни надлештва и установи за користуење и обработуење — — 801
751. Напатствие за начинот за застапање на Министерството за рударство на сојузната влада и подручните надлештва, установи и претпријатија пред судовите и другите народни власти, а во погледот на заштитата на имовинско-правните интереси — 802

ШТАМПА ДРЖАВНЕ ШТАМПАРИЈЕ — БЕОГРАД